РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр.02-929

Скопје 31.07.2015г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република
Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 134 ставови 1 и 2, член 135 и член 223 став 1 од Законот за општа управна постапка („Службен весник" на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/2011), а во врска со член 18 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), согласно Заклучокот на Советот, бр.02-4798/11 од 30.07.2015 година, одлучувајќи по Повлекувањето Уп 1 бр.02-929 од 24.07.2015 година, на Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, Уп 1 бр.02-929 од 21.07.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 24-та седница одржана на 30.07.2015 година донесе:

## З А К Л У Ч О К

СЕ ЗАПИРА постапката за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, поведена врз основа на Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, Уп 1 бр.02-929 од 21.07.2015 година, согласно доставеното Повлекување Уп 1 бр.02-929 од 24.07.2015 година, на Известувањето за промена на сопственичка структура од страна на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 21.07.2015 година, Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднело Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, Уп 1 бр.02-929 од 21.07.2015 година, кое било заведено под УП 1 бр.02-929.

Со оглед на тоа што Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 24.07.2015 година, достави Повлекување заведено под УП 1 број бр.02-929 на Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе, Уп 1 бр.02-929 од 21.07.2015 година, се одлучи дека поведената постапка се запира.

Со оглед на напред наведеното, врз основа на член 134 ставови 1 и 2, член 135 и член 223 став 1 од Законот за општа управна постапка („Службен весник" на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/2011), а во врска со член 18 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе заклучок како во диспозитивот.

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот на Агенцијата,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против овој заклучок радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на заклучокот.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво РАДИО СВЕТИ НИКОЛЕ ДОО Свети Николе;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Назначено лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот УП 1.